## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 14.10.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4502 | 1 | |

во 16:05

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај;

3. **Период опфатен со надзорот**: 14 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 14 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, емитуван на 14.10.2017 година, на регионално ниво (Д1), констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, за време на изборниот молк, објави аудиовизуелен материјал во кој учествува учесник во изборите.

Во историско документарната емисија со наслов „Историската позадина на противењето на Грција кон името Македонија, македонската нација и македонскиот јазик - четврти дел: Периодот по Граѓанската војна во Грција" се информира за писмото од јули 2008 година, кое Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ (која заедно со својата Коалиција учествува на Локалните избори 2017), во својство на тогашен премиер на Република Македонија го испратил до својот грчки колега Костас Караманлис за македонското малцинство во Грција и состојбата со македонските бегалци од Граѓанската војна со Грција. Информацијата се презентира од ***07:49:13 - 07:51:50*** со фотографија од Никола Груевски и притоа се испишува и се чита содржината на писмото.

14.10.2017

| Период на емитување на документарецот | Опис: |
|---|---|
| 07:13:50 – 07:57:40 | Во историско документарната емисија со наслов „Историската позадина на противењето на Грција кон името Македонија, македонската нација и македонскиот јазик - четврти дел: Периодот по Граѓанската војна во Грција" се информира за писмото од јули 2008 година, кое Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ (која заедно со својата Коалиција учествува на Локалните избори 2017), во својство на тогашен премиер на Република Македонија го испратил до својот грчки колега Костас Караманлис за македонското малцинство во Грција и состојбата со македонските бегалци од Граѓанската војна со Грција. Информацијата се презентира од ***07:49:13 - 07:51:50*** со фотографија од Никола Груевски и притоа се испишува и се чита содржината на писмото. |

7. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, програмскиот сервис на ТВ Едо, на 14 октомври 2017 година, објави аудиовизуелен материјал во кој учествува Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ, која заедно со својата Коалиција учествува на Локалните избори 2017.

8. **Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***